**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА



**ВОВЕД**

Врховниот суд на Република Македонија претставува уставна категорија и неговата положба во однос на другите судови во судската власт е пропишана во член 101 од Уставот на Република Македонија, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Стварната надлежност на Врховниот суд на Република Македонија, е регулирана во Законот за судовите, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Оваа своја надлежност Врховниот суд ја остварува во **Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок и специјализиран совет** во врска со барањата за заштита на основните слободи и права загарантирани со Уставот.

Својата надлежност за воедначување на судската пракса, Врховниот суд ја остварува на Општа седница преку утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења и преку изготвување на сентенци усвоени на седниците на судските оддели, кои се објавуваат на web страната на Врховниот суд. Исто така, воедначувањето на судската пракса се реализира и следи и преку **Одделот за судска практика.**

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на советите, Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, седница на судиите, седница на одделите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Судиите на Врховниот суд на Република Македонија во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања.

Согласно Судскиот деловник за употребата и унапредувањето на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите,

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија формира Работно тело за стандардизација на постапките во судовите кое одговара пред Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и е од постојан карактер и во постојано заседание, а со него раководи судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Во Врховниот суд на Република Македонија согласно Законот за судска служба функционира и Совет за судска служба во состав и надлежности определени со Законот и Одделение за административна поддршка на Советот.

Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година во одделите и специјализираниот совет дадени подолу во текстот од Годишниот извештај на Судот.

Во Годишниот извештај за 2017 година прикажани се и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

Согласно Законот за судовите во Врховниот суд на Република Македонија е формиран и функционира информатички центар со база на податоци за судските информатички тела.

## 2. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Извештајната 2017 година, Врховниот суд на Република Македонија ја започна со ВД Претседател, а во текот на март 2017 година беше избран Претседател на Врховниот суд на Република Македонија.

Со Одлука на Судскиот совет, утврдена е судиската функција во Врховниот суд на Република Македонија да ја извршуваат 25 судии, меѓутоа како и претходните години на судијата кој е избран за член на Судскиот совет на Република Македонија и судијата кој е избран во Уставниот суд на Република Македонија, судиските места им мируваат. Исто така, од месец март до декември 2017 година, функцијата мируваше и на судијата кој беше назначен за ВД Претседател на Основниот суд Скопје I Скопје.

Во текот на 2017 година, се упразнија уште две судиски места поради исполнување на старосна пензија и тоа од месец април 2017 година и месец август 2017 година.

Во текот на 2017 година, престана судиската функција на еден судија поради настапена смрт.

За сите упразнети судиски места беше доставено барање до Судскиот совет на Република Македонија за објавување оглас за избор на судии со потребната специјализација, но беше реализиран само избор на еден судија во текот на месец декември 2017 година.

Од сето погоренаведено произлегува дека, Врховниот суд на Република Македонија во текот на годината функционираше со многу промени во судискиот состав кој беше дури и на граница на потребниот минимум за нормално функционирање на судот, со оглед на неговите надлежости, работа на Општа седница, работа во четири оддели, Оддел за казниви дека, Оддел за граѓански дела, Оддел за судење во разумен рок и Оддел за судска пракса, што предизвикуваше голем број на изземања и потреба за реорганизација и прераспоредување.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места изготвен врз основа на Законот за судска служба, се предвидени сите работни места за судските службеници, по кој се предвидени 118 работни места, но на крајот на 2017 година во Врховниот суд на Република Македонија по сите предвидени работни

места се пополнети само 68 работни места за судски службеници вработени на неопределено време во Врховниот суд на Република Македонија.

Во текот на 2017 година од вработените од судската служба трајно се упразнија 7 работни места.

## 3. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Врховниот суд на Република Македонија од 2016 година останале нерешени **1956** предмети, а со новопримените **2.317** предмети **во 2017 година**, судот постапувал по вкупно **4.268** предмети од сите видови. Во текот на годината решени биле **2.542**, со што го совладал приливот, а останале нерешени **1.726** предмети.

Има 5 погрешно заведени предмети

**Прилог - ТАБЕЛА**

## 4. ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### 4.1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

### 1. СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА РАБОТАТА ПО ПРЕДМЕТИТЕ

Во текот на извештајната **2017** година новопримени се **446** предмети или вкупно во работа биле **820** предмети по сите основи, во кој број се содржани и **374** предмет останати од декември месец 2016 година.

Во текот на извештајната година судиите решиле **499** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **321** предмети по сите основи.

Прегледот на вкупно решени и нерешени предмети по разни основи во 2017 година е даден во табела 1.

**Табела 1**

| вид на предмети | Останати од XII месец 2016 | Примени во 2017 | Вкупно во работа | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | - | 46 | 46 | 44 | 2 |
| ВКЖ2 | 8 | 21 | 29 | 15 | 14 |
| КВП1 | 164 | 100 | 264 | 129 | 135 |
| КВП2 | 89 | 50 | 139 | 56 | 83 |
| Квп-КОК1-Квп | 4 | 1 | 5 | 2 | 3 |
| Квп-КОК2-Квп | 30 | 14 | 44 | 18 | 26 |
| ВУК | 24 | 86 | 110 | 96 | 14 |
| КЗЗ | 36 | 38 | 74 | 50 | 24 |
| КР | 19 | 90 | 109 | 89 | 20 |
| ВКУПНО | 374 | 446 | 820 | 499 | 321 |

Остатокот од вкупно нерешени предмети на крајот на 2017 година, воглавно се должи на фактот што најголем број од истите во Судот се примени во последниот месец од извештајната година, **поради што и не можеле да бидат земени во работа, од**

**причина што биле дадени на мислење во Јавно обвинителство на Република Македонија.**

**Воедно, остатокот од вкупно нерешени предмети се должи на низа објективни околности, меѓу кои особено недостиг на соодветен број на судии, како и недостиг на стручни соработници.**

## 2. СТРУКТУРА НА РЕШЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ ПО ВИДОТ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда –**КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2,** вкупно 208 предмети, е следна:

**ГЛАВА XIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО**
45 предмети за кривично дело – Убиство - **член 123**;
4 предмети за кривично дело – Телесна повреда – **член 130**;
12 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда – **член 131**;
1 предмет за кривично дело – Учество во тепачка – **член 132**.

**ГЛАВА XV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛОБОДАТА И ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ**
1 предмет за кривично дело – Противправно лишување од слобода – **член 140**;
3 предмети за кривично дело – Грабнување – **член 141**;
1 предмет за кривично дело – Малтретирање во вршење на службата – **член 143**;
4 предмети за кривично дело – Загрозување на сигурноста – **член 144**;
1 предмет за кривично дело–Неовластено прислушување и тонско снимање-**член 151**;
1 предмет за кривично дело – Неовластено снимање – **член 152**;
1 предмет за кривично дело–Повреда на авторско право и сродни права–**член 157**.

**ГЛАВА XIX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И ПОЛОВИОТ МОРАЛ**
6 предмети за кривично дело – Силување – **член 186**;
2 предмети за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице – **член 187**;
16 предмети за кривично дело – Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години – **член 188**;
1 предмет за кривично дело – Обљуба со злоупотреба на положбата – **член 189**;
2 предмети за кривично дело-Задоволување на полови страсти пред друг-**член 190**;
2 предмети за кривично дело – Посредување во вршење проституција – **член 191**;
1 предмет за кривично дело – Производство и дистрибуција на детска порнографија – **член 193-а**;
1 предмет за кривично дело – Родоскврнавење – **член 194**.

**ГЛАВА XX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БРАКОТ, СЕМЕЈСТВОТО И МЛАДИНАТА**
2 предмети за кривично дело-Запуштање и малтретирање на малолетно лице-**член 201**;

**ГЛАВА XXI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО**
51 предмет за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори – **член 215**;
1 предмет за кривично дело-Овозможување на употреба наркотични дроги-**член 216**;
2 предмети за кривично дело – Тешки дела против здравјето на луѓето – **член 217.**

**ГЛАВА XXIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ**
11 предмети за кривично дело – Кражба – **член 235**;

1 предмет за кривично дело – Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас - **член 235-а**;
36 предмети за кривично дело – Тешка кражба – **член 236**;
24 предмети за кривично дело – Разбојништво – **член 237**;
3 предмети за кривично дело – Затајување – **член 239**;
2 предмети за кривично дело – Бесправно градење – **член 244-а**;
19 предмети за кривично дело – Измама – **член 247**;
3 предмети за кривично дело – Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем – **член 251**;
2 предмети за кривично дело-Оштетување или повластување на доверители-**член 257**;
2 предмети за кривично дело – Изнуда – **член 258**;

**ГЛАВА XXV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ, ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ И СТОПАНСТВОТО**
2 предмети за кривично дело-Перење пари и други приноси од казниво дело-**член 273**;
1 предмет за кривично дело – Изработка и употреба на лажна платежна картичка – **член 274-б**;
1 пред. за кривично дело–Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство-**член 275-в**;
2 предмети за кривично дело – Криумчарење – **член 278**;
1 предмет за кривично дело – Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама – **член 278-б**;
9 предмети за кривично дело – Даночно затајување – **член 279**;

**ГЛАВА XXVI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ НА ЛУЃЕТО И ИМОТОТ**
4 предмети за кривично дело – Предизвикување општа опасност – **член 288**;
3 предмети за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност – **член 292**;

**ГЛАВА XXVII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БЕЗБЕДНОСТА НА ЈАВНИОТ СООБРАЌАЈ**
2 предмети за кривично дело-Загрозување на безбедноста на сообраќајот-**член 297**;
16 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот – **член 300**;

**ГЛАВА XXVIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА**
1 предмет за кривично дело – Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации – **член 322-а**

**ГЛАВА XXX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ**
18 предмети за кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување - **член 353**;
11 предмети за кривично дело – Несовесно работење во службата – **член 353-в**;
1 предмет за кривично дело – Проневера во службата – **член 354**;
3 предмети за кривично дело – Примање поткуп – **член 357**;

**ГЛАВА XXXI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВОСУДСТВОТО**
1 предмет за кривично дело – Помагање на сторител по извршено кривично дело – **член 365**;

1 предмет за кривично дело – Лажно пријавување на кривично дело – **член 366;**
1 предмет за кривично дело – Неизвршување на судска одлука – **член 377;**

**ГЛАВА XXXII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВНИОТ СООБРАЌАЈ**

3 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа – **член 378**;
1 предмети за кривично дело-Употреба на исправа со невистината содржина-**член 380;**

**ГЛАВА XXXIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД**

2 предмети за кривично дело – Спречување службено лице во вршење службено дејствие – **член 382**;
2 предмети за кривично дело – Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста – **член 383**;
1 предмет за кривично дело – Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие – **член 384**;
13 предмети за кривично дело – Насилство – **член 386**;
3 предмети за кривично дело – Самовластие – **член 392**;
15 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување – **член 394**;
1 предмет за кривично дело – Тероризам – **член 394-б**;
24 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи – **член 396**;

**ГЛАВА XXXIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЧОВЕЧНОСТА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО**

2 предмети за кривично дело – Трговија со луѓе – **член 418-а**;
6 предмети за кривично дело – Криумчарење мигранти – **член 418-б**;
1 предмет за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти – **член 418-в**;
6 предмети за кривично дело – Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската Унија и на Шенгенскиот договор – **член 418-д**;
3 предмети за кривично дело–Трговија со малолетно лице– **член 418-г**;

Структурата на решените предмети по видот на прекршоци, заведени во уписникот – **КР** е следна:

50 предмети – **Прекршок од ЗБСП** ;
13 предмети – **Прекршок од Закон за јавен ред и мир**;
4 предмети – **Прекршок од Закон за шуми;**
3 предмети – **Прекршок од Закон за возила**
1 предмет – **Прекршок од Закон за данокот на додадена вредност;**
1 предмет – **Прекршок од Закон за набавка, држење и носење оружје и муниција;**
1 предмет – **Прекршок од областа на хартии од вредност.**

Од вкупно решени 205 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

**Табела 2**

| | **Со 1 лице** | **Со 2 лица** | **Со 3 лица** | **Со 4 лица** | **Со 5 лица** | **Со 7 лица** | **Со 14 лица** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КВП1** | 114 | 11 | 2 | 1 | 1 | - | - | **129** |
| **КВП2** | 49 | 4 | 2 | 1 | - | - | - | **56** |
| **КВП-КОК1** | 1 | - | - | 1 | - | - | - | **2** |
| **КВП-КОК2** | 10 | 3 | 2 | 1 | - | 1 | 1 | **18** |
| **Вкупно** | **174** | **18** | **6** | **4** | **1** | **1** | **1** | **205** |

Од вкупно решените 205 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда – **КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2** по апелациони судови и според одлуката на советот, состојбата е прикажана во табела 2.

**Табела 3**

<table>
<tr><th rowspan="2">судови</th><th colspan="2">КВП1, КВП2</th><th colspan="2">КВП-КОК1</th><th colspan="2">КВП-КОК2</th></tr>
<tr><th>решени</th><th>нерешени</th><th>решени</th><th>нерешени</th><th>решени</th><th>нерешени</th></tr>
<tr><td>Апелационен суд Скопје</td><td>108</td><td>133</td><td>2</td><td>3</td><td>18</td><td>26</td></tr>
<tr><td>Апелационен суд Битола</td><td>25</td><td>38</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td>Апелационен суд Штип</td><td>30</td><td>32</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td>Апелационен суд Гостивар</td><td>42</td><td>44</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="2">ВКУПНО</td><td rowspan="2">185</td><td rowspan="2">218</td><td>2</td><td>3</td><td>18</td><td>26</td></tr>
<tr><td colspan="2">5</td><td colspan="2">44</td></tr>
</table>

## 3. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ОДБИЕНИ, УВАЖЕНИ, ПРЕИНАЧЕНИ И ОТФРЛЕНИ БАРАЊА ПО СИТЕ ОСНОВИ

Состојбата по предметите по сите основи по кои постапувале судиите во Одделот за казниви дела, е прикажана во табела бр. 3.

**Табела 4**

| вид на предмети | Одбиени | Уважени | На друг начин | Отфрлени | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | 34 | 10 | - | - | 44 | 2 |
| ВКЖ2 | 9 | 5 | - | 1 | 15 | 14 |
| КВП1 | 86 | 24 | - | 19 | 129 | 135 |
| КВП2 | 41 | 9 | - | 6 | 56 | 83 |
| ВУК | 90 | 5 | 1 | - | 96 | 14 |
| КЗЗ | 9 | 40 | - | 1 | 50 | 24 |
| КР | 10 | 66 | 11 | 2 | 89 | 20 |
| Квп.КОК1.Квп | 2 | - | - | - | 2 | 3 |
| Квп.КОК2.Квп | 15 | 2 | - | 1 | 18 | 26 |
| ВКУПНО | 296 | 161 | 12 | 30 | 499 | 321 |

Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста-**КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија кои биле во постапка пред Одделот за казниви дела, а кои се однесуваат на апелационите и основните судови е како што е прикажана во табелата бр.4.

**Табела 5**

**2017 година КЗЗ - преглед на решени предмети по судови**

| Апелационен суд | Основен суд и број на предмети | Одбиено барање | У В А Ж Е Н И | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Укината I ст.пресуда | Укината II ст.пресуда | Укината I-ст. и II ст. пресуда | Повреда на КЗ | Ослободи. пресуда | отфрлени | Преиначе. или на друг начин | Решени | Нерешени |
| **Скопје 30 предмети** | Основен суд Скопје I -19<br>Основен суд Куманово-5<br>Основен суд Неготино-1<br>Основен суд Велес-1<br>Основен суд Кавадарци-2<br>Основен суд К.Паланка-1<br>Основен суд Гевгелија-1 | 4 | - | 1 | 6 | 5 | 1 | 1 | 3 | 21 | 9 |
| **Битола 15 предмети** | Основен суд Струга-3<br>Основен суд Битола-7<br>Основен суд Охрид-2<br>Основен суд Прилеп-3 | - | 1 | - | 4 | 3 | - | - | 1 | 9 | 6 |
| **Штип 19 предмети** | Основен суд Струмица-6<br>Основен суд Кочани-2<br>Основен суд Радовиш-1<br>Основен суд Виница-2<br>Основен суд С.Николе-2<br>Основен суд Штип-6 | 5 | - | 1 | 6 | 1 | - | - | 1 | 14 | 5 |
| **Гостивар 10 предмети** | Основен суд Тетово-4<br>Основен суд Гостивар-5<br>Основен суд Кичево-1 | - | - | - | 3 | - | - | - | 3 | 6 | 4 |
| **Вкупно во работа предмети: 74<br>Вкупно решени предмети: 50** | | 9 | - | 2 | 20 | 9 | 1 | 1 | 8 | 50 | 24 |

| 1 лице | 2 лица | 3 лица | 4 лица | Вкупно осудени лица |
|---|---|---|---|---|
| 39 пред | 9 пред | - | 2 пред | 50 |

Видно од табелата 5, од вкупно решените 50 барања, одбиени се 9 како неосновани. Од уважените: во 1 предмет укината само првостепена пресуда, во 2 предмети е укината само второстепена пресуда, во 20 предмети е укината првостепена и второстепена пресуда, во 9 предмети е констатирана повреда на КЗ, има 1 ослободителна пресуда, во 8 предмети е преиначена одлуката, во 1 предмет е отфрлено барањето, а нерешени предмети останале вкупно 24.

По апелациони подрачја состојбата е следна: 30 предмети од Апелациониот суд Скопје, 15 предмети од Апелациониот суд Битола, 19 предмети од Апелациониот суд Штип и 10 предмети од Апелациониот суд Гостивар.

Со едно осудено лице имало 39 предмети, со 2 лица 9 предмети и со 4 лица 2 предмети.

Состојбата на предметите во постапка на трет степен – **ВКЖ1** по жалби на решенија на притвор и по жалби на пресуди на Апелационите судови е прикажана во табела 6.

**Табела 6**
**ВКЖ1- жалби на решенија на притвор**

| Број на примени предмети во 2017 | Отфрлени | Одбиени | Уважени | Вкупно решени | Нерешен и |
|---|---|---|---|---|---|
| | - | 34 | 10 | 44 | 2 |
| **46** | **1** | **34** | **10** | **44** | **2** |

**Табела 7**
**ВКЖ2 - жалби по пресуди во трет степен**

| Број на примени предмет и | Останати од 12 месец 2016 година | отфрлен и | Одбиени | Уважени | На друг начин | Решени | Нерешен и |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **2017 година** | 8 | 1 | 9 | 5 | - | 15 | 14 |
| **29** | **8** | **1** | **9** | **5** | **-** | **15** | **14** |

Новопримени предмети по жалба на решенија за притвор во 2017 година се 46 предмети, во 34 предмет жалбата е одбиена како неоснована, во 10 предмети уважени се жалбите и во 1 предмет жалбата е отфрлена, според што се решени 44 предмети, а останале нерешени 2 предмети.

По жалба по пресуди во трет степен – **ВКЖ2** примени се во 2017 година 29 предмети, од кои 9 предмети се одбиени, 5 предмети се уважени, 1 предмет отфрлен, а останале нерешени 14 предмети.

Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - **ВУК** е следна:

Од 2016 година останале нерешени 24 предмети, новопримени во 2017 година се 86 предмети, вкупно во работа биле 110 предмети од кои решени се 96 предмети, а останале нерешени 14 предмети. По видот на одлуката: 90 предмети се одбиени, 5 уважени, нема отфрлени предмети, а на друг начин 1 предмет.

Состојбата по предметите заведени под **КР**, каде Врховниот суд на Република Македонија донесува одлуки за решавање на судир на надлежност, за пренесување на месна и стварна надлежност, по поднесени поднесоци од страна на на супсидијарен тужител, по поднесени барања за екстрадиција, по поднесени барања за застареност во прекршочна постапка, по поднесени барања за враќање во поранешна постапка и друго, е следна:

Од 2016 година останале нерешени 19 предмети, новопримени во 2017 година се 90 предмети, вкупно во работа биле 109 предмети, од кои решени се 89 предмети, а останале нерешени 20 предмети. По видот на одлуката : 10 предмети се одбиени, 66 предмети се уважени, 2 предмети се отфрлени и 11 предмети на друг начин.

## 4.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПО ОСНОВИ И ПО ПРЕДМЕТИ

Времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција е прикажан во Табела бр.8.

Во 2017 година како произлегува и од табелата за времетраење на постапката, по одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки, кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални

списи, уредување на достава на второстепена пресуда до осудениот, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на јавни седници на советот.

Некои од предметите во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се вратат на судовите, или на Јавното обвинителство на Република Македонија административно, или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата, на кого му бил распределен предметот со преписка, со органот од кого е добиен предметот.

Табела 8

| name | Вкупно во работа | Решени | до 1 мес. | до 2 мес. | до 3 мес. | до 4 мес. | до 5 мес. | до 6 мес. | до 7 мес. | до 8 мес. | до 9 мес. | до 10 мес. | до 11 мес. | до 12 мес. | преку 1 год. | Не решени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за барање за вонредно ублажување на казната | 110 | 96 | 8 | 52 | 16 | 5 | 5 | 2 | 2 | 1 | | 2 | 1 | | 2 | 14 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда- 3 | 264 | 129 | 1 | 6 | 4 | 4 | 5 | 4 | 3 | 5 | 2 | 2 | 6 | 9 | 78 | 135 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда- 5 | 139 | 56 | | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | | 2 | 3 | 1 | | 1 | 41 | 83 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда-организиран криминал 3 | 5 | 2 | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | 3 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда-организиран криминал 5 | 44 | 18 | | | | | | 1 | | | | 1 | | 1 | 15 | 26 |
| Уписник за жалби на решенија на притвор | 46 | 44 | 41 | 3 | | | | | | | | | | | | 2 |
| Уписник за жалби по пресуди во трет степен | 29 | 15 | | | 2 | 1 | | 2 | 1 | 2 | | | 2 | | 5 | 14 |
| Уписник за разни кривични | 109 | 89 | 26 | 36 | 12 | 3 | 5 | 1 | 1 | 2 | 1 | | 1 | | 1 | 20 |
| Уписник по барање за заштита на законистоста по кривични | 74 | 50 | | 3 | 2 | 4 | 4 | 4 | 6 | 1 | 2 | 5 | 3 | 4 | 12 | 24 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 820 | 499 | 76 | 102 | 38 | 19 | 20 | 15 | 13 | 13 | 8 | 12 | 13 | 16 | 154 | 321 |

## 4.2 ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

### 1.ОБЕМ НА РАБОТА

Од бројчаните показатели **за 2017** година во Одделот за граѓански дела имало вкупно во работа **2.459** предмети, од кои **1.231** нерешени предмети останати од 2016 година, а новодојдени предмети се **1.228**. Во споредба со 2016 година кога биле примени **1.270** предмети, приливот на нови предмети во 2017 година е намален за **42** предмети.

Во извештајната година решени се **1.375 предмети**, а нерешени предмети останале **1.084**. Споредено со 2016 година кога се решени **1.281** предмети, во извештајната година решени се **94** предмети повеќе.

**Табела 1**

| Област | Граѓанска област | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност | 6 | 159 | 0 | 0 | 165 | 157 | 8 |
| Вкупно - вид на предмет | 6 | 159 | 0 | 0 | 165 | 157 | 8 |
| Вид на предмет | Граѓански предмети по ревизија | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| Трговски спорови - ревизија | 326 | 292 | 2 | 0 | 620 | 354 | 266 |
| Работни спорови - ревизија | 243 | 148 | 0 | 0 | 391 | 236 | 155 |
| Граѓански спорови- ревизија | 656 | 627 | 1 | 1 | 1283 | 628 | 655 |
| Вкупно - вид на предмет | 1225 | 1067 | 3 | 1 | 2294 | 1218 | 1076 |
| Вкупно - област | 1231 | 1226 | 3 | 1 | 2459 | 1375 | 1084 |

Споредено со 2016 година, кога останале 1.230 нерешени предмети, бројот на нерешените предмети на крајот од 2017 година изнесува **1084**, и е намален за **146** предмети.

Структурата на нерешени 1084 предмети е следна: 2 предмети останале нерешени од 2015 година, а од 2016 година останале нерешени 117 предмети, од кои од Уписникот Рев1. - 35 предмети, од Уписникот Рев2. - 70 предмети и од Уписникот Рев3. - 12 предмети. Останатите 965 нерешени предмети се од 2017 година.

Во 2017 година во Одделот за граѓански дела приливот на нови предмети е совладан, односно во 2017 година примени се вкупно **1228** предмети а решени се вкупно **1375** предмети, со што заостатокот е намален за 104 предмети.

Постигнатите резултати се должат на зголемената заложба да се решат што поголем број на предмети и покрај тоа што во Одделот за граѓански дела бројот на судиите известители беше намален во однос на претходната 2016 година, одделни судии и виши судски соработници постапуваа по предмети и од друга материја, заминувањето во пензија на двајца судии како и отсуството на еден судија кој извршуваше друга функција во друг суд.

Споредбено со изминатите години, може да се заклучи дека се намалува обемот на работа, како резултат на постепено намалување на бројот на новопримени предмети, така што во 2013 година биле примени 1582 предмета, во 2014 биле примени 1692 предмети, во 2015 година примени се 1451 предмети, во 2016 година биле примени 1270 предмети, и во извештајната година се примени 1228 предмети.

## 2.НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ

### 1.Постапка по ревизија

Ревизијата, како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на своите права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети **2.459** кои биле во работа во 2017 година по ревизија биле **2.294** предмети, односно **93,29%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.218** предмети, односно **53,09%.**

Од решените **1.218** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени се **717** односно **58,87%**, преправени **83** односно **6,8%**, укинати **165** односно **13,55%**, отфрлени **253** односно **20,77%.**

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2013 година **58,70%,** во 2014 година **58,30%**, во 2015 година **58,17%,** во 2016 година **50,8%** и во 2017 година **58,87.%**. Од овие бројки се гледа дека процентот на ревизиите кои се одбиени како неосновани во 2017 година, споредбено со претходната година, е незначително зголемен.

**Табела 2**

| АПЕЛАЦИОНЕН СУД | С У Д | Вкупно решени | Отфрлени | Одбиени | Преиначени | Укинати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | Основен суд Велес | 55 | 6 | 39 | 2 | 8 |
| | Основен суд Гевгелија со одделение Валандово | 2 | | 1 | 1 | |
| | Основен суд Кавадарци | 5 | 2 | 3 | | |
| | Основен суд Кратово | | | | | |
| | Основен суд Крива Паланка | 6 | | 3 | 3 | |
| | Основен суд Куманово | 58 | 14 | 36 | 2 | 6 |
| | Основен суд Неготино | 1 | 1 | | | |
| | Основен суд Скопје I | 2 | 1 | | | 1 |
| | Основен суд Скопје II | 654 | 134 | 389 | 45 | 86 |
| | **ВКУПНО** | **783** | **158** | **471** | **53** | **101** |
| Битола | Основен суд Битола со одделение Демир Хисар | 68 | 11 | 42 | 6 | 9 |
| | Основен суд Крушево | | | | | |
| | Основен суд Охрид | 77 | 24 | 40 | 7 | 6 |
| | Основен суд Прилеп | 29 | 5 | 19 | 2 | 3 |
| | Основен суд Ресен | 4 | | 3 | 1 | |
| | Основен суд Струга | 19 | 2 | 15 | 1 | 1 |
| | **ВКУПНО** | **197** | **42** | **119** | **17** | **19** |
| Штип | Основен суд Берово | 2 | | 1 | | 1 |
| | Основен суд Виница | 2 | 1 | 1 | | |
| | Основен суд Делчево | 4 | 1 | 2 | | 1 |
| | Основен суд Кочани | 15 | 4 | 8 | 1 | 2 |
| | Основен суд Радовиш | 2 | 1 | 1 | | |
| | Основен суд Свети Николе | 7 | 1 | 6 | | |
| | Основен суд Струмица | 17 | 3 | 10 | 2 | 2 |
| | Основен суд Штип со одделение во Пробиштип | 36 | 2 | 23 | 4 | 7 |
| | **ВКУПНО** | **85** | **13** | **52** | **7** | **13** |
| Гостивар | Основен суд Гостивар | 76 | 21 | 43 | | 12 |
| | Основен суд Дебар | 6 | 1 | 4 | 1 | |
| | Основен суд Кичево со одделение во Мак. Брод | 29 | 8 | 11 | 3 | 7 |
| | Основен суд Тетово | 39 | 7 | 17 | 2 | 13 |
| | **ВКУПНО** | **150** | **37** | **75** | **6** | **32** |
| | Управен суд | 3 | 3 | | | |
| **В К У П Н О** | | **1218** | **253** | **717** | **83** | **165** |

Состојбата кај апелационите судови по однос на **одбиените ревизии во 2017 година,** изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје,** од вкупно **783** решени ревизии, **471** ревизии биле одбиени како неосновани или **60,12 %**;
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **197** предмети, **119** ревизии биле одбиени како неосновани или **60,40 %**;
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **85** предмети, **52** ревизии биле одбиени како

неосновани или **61,18 %**,

- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **150** предмети, **75** ревизии биле одбиени како неосновани или **50 %**;

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2013 година **118** или **6,33%,** во 2014 година **117** или **6,47%,** во 2015 година **108** или **7,5%,** во 2016 година преправени **72** одлуки или **6,90%** и во 2017 година **83** односно **6,74%**. Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е незначително намалено споредено со претходната извештајна година, односно нема значителни промени на резултатите на Апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната година.

Состојбата на апелационите судови по однос на **усвоени ревизии со преиначени одлуки во 2017 година,** е следна:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **783** решени ревизии,
биле преиначени **53** или **6,67%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **197** решени ревизии,
биле преиначени **17** или **8,63%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **85** решени ревизии,
преиначени се **7** ревизии или **8,24%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **150** решени ревизии,
преиначени се **6** ревизии или **4%**.

Состојбата на апелационите судови по однос на **усвоени ревизии со укинати одлуки во 2017 година,** изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **783** предмети,
**101** се укинати или **12,95%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **197** предмети,
**19** се укинати или **9,65%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **85** предмети,
**13** се укинати или **15,29%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **150** предмети,
**32** се укинати или **21,34%.**

Состојбата на апелационите судови по однос на **отфрлени ревизии во 2017 година,** е следна:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **783** предмети,
**158** се отфрлени или **20,26%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **197** предмети,
**42** се отфрлени или **21,32%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **85** предмети,
**13** се отфрлени или **15,29 %**
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **150** предмети,
**37** се отфрлени или **24,66%** и
- **Управен суд 3** предмети

**2.Останати постапки**

Одделот за граѓански дела освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Тоа се, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, од кои биле во работа вкупно **165** предмети и од овие решени се **157** предмети, или **95,15%**, а останале нерешени **8** или **4,85 %**.

### 3. СТРУКТУРА НА ПРЕДМЕТИТЕ

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2017 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ на **надомест на штета - 295** предмети или **24,22%,** потоа по основ **долг - 258** предмети или **21,18**%, **работни спорови - 236** предмети или **19,37%, други спорови - 135 предмети или 11,08%, поништување и раскинување на договор - 90 предмети или 7,39%, стечај - 84 предмети или 6,9%,** за **сопственост и владение - 54** предмети или **4,4327%, неосновано збогатување - 36** или **2,96%**, **издршка** - **30** предмети или **2,46%.**

**Табела 3**

| **Основ** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|
| Издршка | 22 | 30 |
| Надомест на штета | 275 | 295 |
| Неосновано збогатување | 41 | 36 |
| Поништување и раскинување на договор | 69 | 90 |
| Долг | 243 | 258 |
| Сопственост и владение | 96 | 54 |
| Работни спорови | 134 | 236 |
| Стечај | 91 | 84 |
| Други спорови | | 135 |
| Вкупно | | **1218** |

Споредбено со претходната година, во 2017 година има разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало по следните основи: по основот поништување и раскинување на договор кој е процентуално зголемен, односно во 2016 година биле решени 69 предмети или 6,60%, а во 2017 година 90 предмети или 7,39%, по основот работни спорови бројот на решени предмети процентуално е зголемен, односно во 2016 година биле решени 134 предмети односно 12,83%, а во 2017 година 236 предмети односно 19,37%, по основот сопственост и владение, бројот на решени предмети процентуално е намален, односно во 2016 година биле решени 96 предмети или 11,30%, а во 2017 година 54 предмети односно 4,43%. По другите основи не е забележена поголема разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало во извештајната година споредбено со претходната 2016 година.

### 4. ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА

Во 2017 година од вкупно решени **1.375** предмети, траењето на постапката од **1 до 3 години** била кај **877** предмети, **од 8 месеци до 1 година** кај **1787** предмети, **од 6 до 8 месеци** кај **38** предмети, **од 3 до 6 месеци** била кај **53** предмети, **од 2 до 3 месеци** кај **20** предмети, **од 1 до 2 месеци** кај **88** предмети, **до 1 месец** траела постапката кај **120** предмети.

Очигледно за добар дел од предметите постапката пред овој суд сеуште релативно долго трае. Ваквата состојба е резултат на констатираното намалување на бројот на судиите во Одделот за граѓански дела .

**Табела 4**

| name | Примени нови предмети | Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | од 1 до 2 мес. | од 2 до 3 мес. | од 3 до 6 мес. | од 6 до 8 мес. | од 8 мес. до 1 год. | од 1 до 3 години | над 3 години | Останати за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за граѓански предмети по ревизија | 627 | 1283 | 628 | 5 | 8 | 3 | 29 | 22 | 97 | 464 | | 655 |
| Уписник за работни спорови по ревизија | 148 | 391 | 236 | 1 | 2 | 1 | 5 | 4 | 40 | 183 | | 155 |
| Уписник за разни граѓански предмети | 159 | 165 | 157 | 103 | 39 | 8 | 5 | 2 | | | | 8 |
| Уписник за трговски спорови по ревизија | 294 | 620 | 354 | 12 | 39 | 8 | 14 | 10 | 41 | 230 | | 266 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 1228 | 2459 | 1375 | 121 | 88 | 20 | 53 | 38 | 178 | 877 | | 1084 |

## 4.3 ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

### 1. ОБЕМ НА РАБОТА НА ОДДЕЛОТ

Во текот на **2017** година, Одделот за судење во разумен рок **во работа** имал вкупно **944** предмети (во двата степени на одлучување), од кои:

**719** предмети во прв степен или 76,16% и

**225** предмети во втор степен или 23,84%.

**Од вкупниот број 944 предмети во работа во Одделот, во текот на 2017 година, вкупно се решени 639 или предмети или 68,7% од кои:**

**432** предмети во прв степен или 67,6%,

**207** предмети во втор степен или 32,3%.

Од вкупно **944** предмети во работа во Одделот **нерешени од претходниот извештаен период** (во двата степени на одлучување) останале **305** предмети или 32,3%, од кои:

**287** предмети во прв степен или 94,09% и

**18** предмети во втор степен или 5,91%.

**Новопримени** се вкупно 605 предмети или 64,09% од кои:

**401** предмети во прв степен или 66,28%и

**204** предмети во втор степен или 33,72%.

**Од вкупно решени 639 предмети во Одделот во 2017 година:**

I. Во вкупно **334** предмети **или 52,26%** - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е одбиено** како неосновано, од кои:

**187** предмети во прв степен или 55,99% и

**147** предмети во втор степен или 44,01%.

II. Во вкупно **240** предмети или **37,7%** - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е усвоено**, од кои:

**185** предмети во прв степен или **77,087 %**и

**55** предмети во втор степен или **22,92%.**

III. Во вкупно **65** предмети или 9,6%, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е отфрлено**, од кои:

**60** предмети во прв степен или 9231% и
**5** предмети во втор степен или 7,69%.

IV. Вкупно **305** предмети или 32,31%, од вкупниот број **944** предемети во работа **останале нерешени**; од кои:
**287** предмети во прв степен или 94,1% и
**18** предмети во втор степен или 5,9%.

| Област | Судење во разумен рок | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - второстепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - жалби | 21 | 203 | 1 | 0 | 225 | 207 | 18 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **21** | **203** | **1** | **0** | **225** | **207** | **18** |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - првостепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - Управна | 142 | 165 | 1 | 0 | 308 | 166 | 142 |
| Судење во разумен рок - Кривично | 49 | 71 | 2 | 0 | 122 | 63 | 59 |
| Судење во разумен рок - Граѓанско | 127 | 156 | 6 | 0 | 289 | 203 | 86 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **318** | **392** | **9** | **0** | **719** | **432** | **287** |
| **Вкупно - област** | **339** | **595** | **10** | **0** | **944** | **639** | **305** |

## 2. ОБЕМ НА РАБОТА НА ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Во текот на **2017** година, пред првостепениот совет вкупно во работа имало 719 предмети или **76,16%**, од вкупно **944 предмети во Одделот,** од кои:

Од вкупно 719 предмети во работа пред првостепениот совет, **318 предмети или 44,23% останале нерешени од 2016** година, од кои:
**127** предмети од граѓанска материја или 39,9%,
**142** предмети од управна материја или 44,6%и
**49** предмети од кривична материја или 15,5%.

Од вкупно **719** предмети во работа пред првостепениот совет, **новопримени** се вкупно **401** предмети или 55.77%, од кои:
**162** предмети од граѓанска материја или 40.39%;
**166** предмети од управна материја или 41.39% и
**73** предмети од кривична материја или 18,22%.

Во **2017** година од вкупниот број од 719 предмети во работа пред првостепениот совет:
**289** предмети од граѓанската материја или 40,19%
**308** предмети од управна материја или 42,84% и
**122** предмети од кривична материја или 16,97%.

Во **2017** година **вкупно се решени 432** предмети од кои:
**203** предмети се од граѓанска материја или 46,99%,
**166** предмети се од управна материја или 38,42 и
**63** предмети се од кривична материја или 14,59%.

Од вкупно **287 незавршени предмети на крајот на 2017** година од кои,
**86** предмети од граѓанската материја 29,9%,
**142** предмети од управна материја или 49,47%,
**59** предмети од кривична материја 20,63%.

### 3. ВИД И НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Од вкупно **432** решени предмети или 60% од вкупно 719 предмети во работа пред првостепениот совет:

**Во 185** предмети или 42.82%, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **усвоено, од кои:**
**71** предмети од граѓанската материја или 38,38%,
**80** предмети од управна материја или 43,24%,
**34** предмет од кривична материја или 18,38%.

**Во 187** предмет или 43,3%, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **одбиено како неосновано, од кои:**
**104** предмети **се од** граѓанската материја или 55,7%,
**22** предмети **се од** кривична материја или 11,76%,
**61** предмети **се** од управна материја или 32,54%.

**Во 60** предмети или 13,88%, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **отфрлено, од кои:**
**28** предмети се од граѓанската материја или 42,8%,
**7** предмети се од кривична материја 12,6%,
**25** предмети се од управна материја 44,6%.

Анализата на вкупниот број решени предмети пред првостепениот совет и параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања во овој извештаен период покажуваат дека преовладува бројот на решени предмети со одбивање на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

### 4. ВРЕМЕ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Од вкупно во работа 719 предмети, **во прв степен решени се 432** предмети, во кои времетраењето на постапување на првостепениот совет на Врховниот суд на Република Македонија по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од приемот на барањето во Врховниот суд на Република Македонија, до експедирање на првостепеното решение на подносителот на барањето.

**<u>Од вкупно решените 432 предмети</u>**

- во период **до 1 месец** решени се **4** предмети од кои,
**3** од граѓанска материја и
**1** од кривична материја.
- во период **од 1 до 2 месеци** решени се вкупно **13** предмети**,** од кои:
**10** предмет се од граѓанската материја
**2** предмети се од управната материја
**1** предмети од кривичната материја,
- во период **од 2 до 3 месеци** решени се вкупно **26** предмети**,** од кои:
**13** предмети се од граѓанската материја
**8** предмети се од управната материја
**5** предмети се од кривичната материја,
- во период **од 3 до 6 месеци,** решени се вкупно **122** предмет**,** од кои:
**64** предмети се од граѓанската материја
**34** предмети се од управната материја
**24** предмети се од кривичната материја.
во период **подолг од 6 месеци**, решени се **267** предмети, од кои:
**113** предмети се од граѓанската материја,
**122** предмети од управната материја,
**32** предмети од кривичната материја.
- Останати за работа во **2018** се вкупно **287** предмети, од кои:
**86** предмети се од граѓанската материја
**142** предмети од управната материја
**59** предмети од кривичната материја.

Причина за пречекорување на рокот од **6 месеци** како законска рамка за решавање на овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Македонија, а видно од бројот на нерешени 142 предмети, е главно недоставувањето на списи на предметите на кои се однесува барањето. Ова особено е случај со предметите од управна материја, каде списите на предметот на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок се наоѓаат кај органот кој постапува. Имајќи го предвид наведеното, произлегува и задоцнетото произнесување на судиите кои постапуваат по предметите, односно големиот број на незавршени предмети во првостепениот совет и покрај повеќе испратени ургенции за достава на списи по доставено барање до судот кој постапувал по конкретниот предмет на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

Во овој контекс, недостасува правно средство со кое Врховниот суд на Република Македонија ќе се наметне пред пониските судови за побрзо доставување на списите на предметите, особено во случаите кога предмет на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, е активен предмет, односно предмет во тек, каде важи правило да се создадат услови постапката по предметот да продолжи во фазата во која се наоѓа и да не го чека одлучувањето по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Не можноста, во сите случаи да се почитува рокот од **6 месеци** за решавање по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок се воочува во секоја од досегашните извештајни години – периоди и била предмет на разгледување и пред седниците на Одделот, каде се донесени соодветни заклучоци, кои сами по себе не можат да дадат резултат, ако системски не се пристапи и кон преиспитување на процесните правила за решавање по овој вид предмети, како и објективноста на поставената законска рамка, која не кореспондира со судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Имено, со законската рамка од **6 (шест) месеци** и не создавањето на процесни услови да се забрза постапката, односно решавање на предметите во тој рок и во двата степени на одлучување пред Врховниот суд на Република Македонија, само по себе значи давање можност странките – барателите да се жалат и на долгото постапување на Врховниот суд на Република Македонија. Неможноста Врховниот суд на Република Македонија во сите случаи да го испочитува рокот – рамката од **6** (**шест) месеци** за завршување на постапките по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, значат и обврска за преиспитување на законскиот рок во контекс на конзистентност на постапката пред Врховниот суд на Република Македонија и Европскиот суд за човекови права и праксата на тој суд. Во тој контекст, и овој пат да се потенцира обврската за претседателите на судовите, да се заложат за доставување на списите на предметите по кои се врши оценка на постапувањето во разумен рок, се со цел Врховниот суд на Република Македонија да може да ги испочитува роковите за судење во разумен рок, имајќи предвид дека последиците од ненавременото постапување по задолжението за доставување на списите по предметите кои се потребни за постапување по барањата за судење во разумен рок, се одразува на вкупното постапување по овие предмети пред Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и на оценката за ефикасноста на правното средство. Од значење за следење на ефикасноста на правното средство е да се инсистира преку претседателите на судовите, навремено да се даваат податоци за почитувањето на роковите дадени од овој суд за завршување на предметите кои се во тек, во процесната фаза на одлучување на која се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

## 5. ОБЕМ НА РАБОТА НА ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Во текот на **2017** година, пред второстепениот жалбен совет вкупно во работа имало **225 или 23,83%** предмети, од вкупниот број **944** предмети во Одделот, од кои:

**21** предмети **или 9,33% останале** нерешени од претходниот извештаен период

**204** предмети или **90,67 %се новопримени предмети** во извештајната **2017**

### 6. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ИЗЈАВЕНИТЕ ЖАЛБИ

Во текот на **2017** година **вкупно се решени 207** предмети или 92% од кои: во **147** предмети или **71,3%** жалбата е одбиена како неоснована, во **55** предмети **или 26,7%** жалбата е усвоена и во 5 предмети или **2%** жалбата е отфрлена,

- од вкупно **225** предмети во работа, **18** предмети или **8%** останале нерешени.

Анализата на вкупниот број решени предмети во второстепениот совет и тие дадени по структура, покажува тенденција на побрзо решавање на предметите и намалување на заостатокот на решени предмети, а параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања и во овој извештаен период покажуваат дека преовладува бројот на решени – предмети со одбивање на жалбата како неоснована односно со **потврдување на првостепеното решение** во вкупно **147** предмети**.**

### 7. ВРЕМЕ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ ПО ИЗЈАВЕНИТЕ ЖАЛБИ

Времетраењето на постапување на второстепениот совет во Врховниот суд на Република Македонија надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Врховниот суд на Република Македонија, до експедирање на второстепеното решение до подносителот на барањето.

Од вкупниот број од **225** предмети во работа пред второстепениот жалбен совет, решени се вкупно **207** предмети,

- за период до **1 месец** постапката е завршена во **102** предмети**,**
- за период од **1 до 2 месец**и постапката е завршена во **77** редмети,
- за период од **2 до 3 месеци** постапката е завршена во **17** предмети,
- за период од **3 до 6 месеци** постапката е завршена во **8** предмети**,**
- за период од **над 6 месеци** постапката е завршена во **3** предмети**,**

Од вкупно **225** предмети во работа, **нерешени** останале **18** предмети**.**

Анализата на времето на решавање на предметите пред жалбениот совет, покажува **релативно почитување на рокот од 6 месеци**, како законска рамка за решавање по предметите и во двата степена на одлучување пред Врховниот суд на Република Македонија. Ова, особено што при поставувањето на законската рамка од 6 месеци не се имало во вид потребното време за доставување на решените предмети во прв степен до странките и течењето на рокот за жалба. Оттука, времето на решавање на предметите пред жалбениот совет земено само за себе детерминира дека рокот за постапување по овој вид предмети пред ВСРМ е неконзистентен со праксата на **ЕСЧП**.

### 8. ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТОК

Од вкупно решените **639 предмети, од кои 432** предмети во прв степен и **207** предмети во втор степен во жалбената постапка, по кои е одлучувано во Одделот за судење во разумен рок во **2017** година, **максималиот** износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок **во првостепениот совет** е **120.000,00** денари, а **минимално** досудениот износ **во првостепениот совет** е **4.000,00** денари. Додека пак, **максималиот** износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок **во второстепениот** совет изнесува **70.000,00** денари, а **минималниот** износ на име правичен надоместок од страна на второстепениот совет изнесува **5.000,00** денари.

Од вкупно решени **626** предмети по кои е одлучувано во **2017** година и е донесена правосилна одлука со определен надоместок за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, во **прв степен** досуден е правичен надоместок во вкупен износ од

**4.913.900.00** денари, а во **втор степен** износ од **916.036,00** денари или вкупен износ во двата степена на одлучување од **5.829.936,00** денари, како на име правичен надоместок, така и за трошоци во постапката по поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

## 4.4. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА

Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2017 година во однос на остварувањето на основната цел, насоките и приоритетите во воедначување и следење на судската практика во Република Македонија изготви План и Програма за работа за 2017 година.

Во реализација на планот и програмата, Одделот во текот на 2017 година ги следеше општите правни сфаќања и општите стојалишта на единствена примена на законите во Република Македонија, учествуваше во подготовка на нацрт начелните ставови и начелни правни мислења и ги евидентираше истите, изврши селекција, евидентција и систематизирање на одлуките од правна важност (значајни одлуки) по правни области, по доставени известувања и ex officio, изврши проверка дали определени одлуки се во согласност со правните стојалишта изразени во некоја поранешна или истовремена одлука и ја следеше и ја проучуваше судската пракса на пониските судови и на Врховниот суд на Република Македонија.

I.Во врска со обезбедување на хоризонтално и вертикално воедначување на судската практика, односно остварување на основната цел – обезбедување единство во примена на законите од страна на судовите, Одделот за судска практика во текот на 2017 година ги следеше општите правни сваќања и општите стојалишта за осигурување на единствена примена на законот, ја следеше примената на Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на република Македонија, практиката на Европскиот суд за човекови права, колективните договори и другите подзаконски акти и нивните измени и дополнувања во одлуките на судовите.

II.Во рамките на своето редовно работење, Одделот за судска практика и во текот на 2017 година учествуваше во подготовка на правните мислења и сентенци прифатени на седница на одделите, на заедничките седници на оддели или на седница на судии и нивно објавување на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија во делот за судска практика;

III.Одделот за судска практика во текот на 2017 година изврши селектирање, евидентирање и систематизирање на одлуките од правна важност (значајни одлуки) по правни области за нивно објавување на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија во делот за судска практика. Исто така, во 2017 година, со присутво на судење во советите се следеа одлуки на Врховниот суд на Република Македонија и заради воедначување на судската практика се вршеше пребарување на слични или идентични одлуки во базата на податоци која ја има Одделот за судска практика како и во АКМИС програмата преку писарниците и ИТ центарот на Врховниот суд на Република Македонија.

IV.Одделот за судска практика во текот на 2017 година исто така ја следеше и проучуваше судската практика на пониските судови, преку бројни доставени одлуки по одредени правни прашања. За дел од овие, доставени се известувања до судовите, а дел се обработени со реферати за разгледување на соодветниот оддел во судот во зависност од областа на која истите се однесуваат.

V. Во текот на 2017 година, Одделот постапуваше по вкупно 33 барања од субјекти (доставени директно до Одделот или преку Одделот за граѓански дела) кои се однесуваат на разлики во примена на законите, воедначување на судската практика.

VI.Преку Одделот за судска практика, Врховниот суд на Република Македонија е вклучен во мрежата Superior Courts Network преку која се остварува комуникација со Европскиот суд за човекови права во Стразбур за определени правни прашања.

## 5.СУДСКА УПРАВА

### 5.1. ПРЕТСТАВКИ, ПРЕДЛОЗИ И ДРУГИ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2017 година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно 286 претставки заведени во уписникот УПП.

Од вкупно доставените претставки заведени во уписникот УПП, 161 се барања за побрзо решавање на предметите, а 125 се разни други поднесоци.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно примените 161 барања за приоритетно решавање на предметите, одобрил 52, одбил 58, додека пак за останатите, се добиени податоци дека предметите се земени во работа, односно дека постапката по конкретен предмет е завршена, а предметот е експедиран до надлежниот апелационен суд.

Од вкупно доставените поднесоци, заведени во уписникот УПП, евидентирани се 23 поднесоци на Народниот правобранител, со барање информација во врска со поднесена ревизија, траење на постапката и други податоци.

По доставените поднесоци по разни основи, Врховниот суд постапувал во согласност со Законот за судовите, Законот за постапување по претставките и предлозите, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

### 5.2. УПИСНИК СУ- ИЗЗ / 2017

**Вкупен број на поднесени барања за изземање; 144**

-број на поднесени барања од странки за изземање на судија; 4
-број на поднесени барања од странки за изземање на претседател на понизок суд; 1
-број на поднесени барања од судија на ВСРМ за иземање на судија; 133
-број на барања за изземање поднесени од претседател на суд до претседател на непосредно повисок суд; 6

### 5.3. Податоци за работа на Канцеларијата за односи со јавност

Како и претходните, до Канцеларијата за односи со јавност во Врховниот суд на Република Македонија не е поднесено ниту едно барање од странка, ниту какво било друго обраќање од страна на граѓаните.

**Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање**

Во Врховниот суд на Република Македонија примени се:

**38** – барања за слободен пристап по Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер - од кои 1- погрешно заведен.

**4** – жалби од кои **3** – жалби поднесени од странките преку Комисијата за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер и **1** - жалба усвоена со одлука на Комисијата.

По сите барања е постапено и одговорено позитивно согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во текот на 2017 година, на следниот начин: со одговор на барања, со препраќања на барања, со заклучок за запирање на постапката, со решенија за отфрлање на барањето.

**Број на објавени одлуки на веб страната на судот, фактори кои влијаат на објавите**

Објавувањето на Одлуките на веб страната на судот се одвива во континуитет согласно предвиденото во Законот за управување со движење на предметите.

**АНОНИМИЗИРАНИ И ОБЈАВЕНИ ОДЛУКИ НА WEB**
**за период 01.01.2017 – 31.12.2017 година**

| | |
|---|---|
| **Кривично** | **368** |
| **Граѓанско** | **1218** |
| **Разумен рок ПСРРГ- ПСРРК- ПСРР** | **425** |
| **Разумен рок по жалб ПСРРЖ** | **207** |
| **УСПИЖ** | **16** |
| **УЗЗ** | **12** |
| **ВКУПНО:** | **2246** |

## 6. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)

Согласно член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на **2017** година има одржано **18 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

- Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2016 година.

- На проширена општа седница разгледани се Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2016 година.

- На посебна седница усвоени се оценките и заклучоците на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работењето на судовите во РМ во 2016 година.

- Општата седница расправаше по 17 (седумнаесет) Барања за заштита на законитоста.

- Општата седница одлучи по 36 (триесет и шест) приговори на судии против одлуки за распоред за работа на Претседатели на судови.

-Општата седница одлучи по 3 барања за иземање на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија.

-Расправано е по 3 (три) правни прашања.

- Општата седница ја разгледа нацрт Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2021 и Акционен план за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор.

- Дадени се мислења по 6 предлог закони доставени од Министерството за правда и тоа:

  - Предлог закон за бесплатна правна помош
  - Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство

- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка
- Предлог закон за дополнување на Законот за судовите
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител.

## 7. СЕДНИЦИ НА СУДИИ

Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2017 година има одржано 4 Седници на судии на кои се разгледувани повеќе прашања:

- Дадено е мислење по барање на Судскиот совет на Република Македонија, за донесување на Одлука за ориентационата норма за 2017 година

- ВД Претседателот на судот прибави мислење за Годишниот распоред за работа на судиите на Врховниот суд на Република Македонија за 2017 година

- Формирање на две тричлени Комисии за давање мислење до Судскиот совет на Република Македонија, за оценување на Претседателот на Судот и судиите на Врховниот суд на Република Македонија, составена од Претседателот на судот и двајца судии на Врховниот суд на Република Македонија и Комисија за оценување на претседателите на Одделите во Врховниот суд на Република Македонија, составена од Претседателот на судот и двајца судии – претседатели на други оддели или судии од Врховниот суд на Република Македонија.

- Претседателот на судот прибави мислење од судиите во врска со измена на Годишниот распоред за работа на судиите на Врховниот суд на Репубика Македонија за 2017 година

- Разгледани се прашања во врска со објавување на судски одлуки, сентенци, издавање Билтен и Збирка на судски одлуки.

## 8. СЕДНИЦИ НА ОДДЕЛ

### 8.1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

Одделот за казниви дела во текот на 2017 година на одржаните седници, постапуваше и расправаше по добиени материјали, како и по прашања поднесени од основните и апелационите судови.

**На ден 03.02.2017 година,** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беше разгледан Записникот од работната средба на апелационите судови на РМ за воедначување на судската пракса, одржана на ден 15 и 16 декември 2016 година.

**На ден 27.03.2017 година,** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беше разгледан и усвоен Годишниот извештај на Одделот за казниви дела на Врховниот суд на РМ за 2016 година.

**На ден 18.05.2017 година,** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беше расправано за употребата на нелегално прислушуваните телефонски разговори, како докази кои ги предлага јавниот обвинител во кривичната постапка.

**На ден 31.10.2017 година,** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беше усвоен заклучок: Двата поднесока од осудените Блаже Србиновски и Левко Таневски, двајцата од Скопје, да се доставаат до Јавното обвинителство на РМ, за поднесување на Иницијатива за барање за заштита на законитоста, имајќи ја предвид досегашната судска пракса.

## 8.2. ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во текот на 2017 година Одделот за граѓански дела, одржа **5 седници.** На седниците е расправано за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови, по кои се утврдени правни мислења и заклучоци. Одделот за граѓански дела во текот на 2017 година расправаше и по реферати изработени од судиите во одделот, утврди **3 правни мислења** и **8 сентенци**.

Судиите од Одделот за граѓански дела во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествуваа и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања, како и учество на дел од судиите како членови на органите на Академијата за судии и јавни обвинители, при што таквата нивна ангажираност немала негативно влијание за редовното работење на Одделот.

## 8.3.ОДДЕЛ ЗА РАЗУМЕН РОК

Во текот на 2017 година Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Македонија одржа **3 – три седници** на кои беа расправани значајни правни прашања кои произлегуваат од предметите и по кои беа сентенци и заклучоци. На седницата на Одделот одржана на ден **28.02.2017** година, беа поставени и дискутирани значајни правни прашања по однос на начинот на постапување со предметите во Одделот.

На ден **25.04.2017** година, Одделот за судење во разумен, одржа седница на која беа донесени 4 (четири) заклучоци кои се однесуваат на начинот на постапувањето на судиите од Одделот.

На ден **22.12.2017** година, Одделот за судење во разумен рок одржа седница на која, по исцрпната дискусија на членовите на Одделот, беа донесени 15 (петнаесет) сентенци и 2 (два) заклучоци кои се однесуваат на начинот на постапувањето на судиите од Одделот и чија содржина, преку Одделот за судска пракса, е објавена на WEB страната на Врховниот суд на Рапублика Македонија.

На истата седница, беше утврдена потребата за иницирање на мислење за преоценување на нормата за КОК – предметите, во Одделот за судење во разумен рок во прв и втор степен, преку Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија до Судскиот Совет на РМ.

## 9. ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на Правосудна конференција, организирана во рамките на ЕУ проектот „Соработка во кривично правниот систем: Зајакнување на заштитата на сведоци во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата (ВИНПРО III), која се одржа во Белград.
- Учество на судија на Врховниот суд на Република Македонија на Четвртиот регионален форум за владеење на правото за Југоисточна Европа, организиран од страна на AIRE Центарот и Бранители на човековите права, одржан во Тирана.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на „Конференција за хармонизирање на судската пракса“, организирана од страна на Државниот совет на Грција (Врховниот управен суд) и Генералниот директорат за човекови права и владеење на правото на Советот на Европа, која се одржа во Атина.
- ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија по барање на Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, оствари средба со неговата Екселенција Амбасадорот Кристијан Тимојнер.

- Остварена работна средба на ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со Манфредас Лимантас, Програмски менаџер во секторот Правда и внатрешни работи при Делагацијата на Европската Унија.
- Во просториите на Врховниот суд на Република Македонија остварена е работна средба на Судијата кој го заменува Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со претставници на WINPRO III Проектот: г-ѓа Јоан Војд и г-ѓа Сју Корбет.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари повеќе работни средби со Амбасадорот Самуел Жбогар, Шеф на делегацијата на Европската Унија во Република Македонија.
- Реализирани средби на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со Претседателот на Владата на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија и Претседателот на Адвокатската комора на Република Македонија.
- Остварена средба на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со Делегација на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на замјите членки превземени при приемот во Советот на Европа (Мониторинг комисија).
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари работни состаноци со претставници на Центарот за правни истражувања и анализи и Британската амбасада.
- Во просториите на Врховниот суд на Република Македонија Претседателот на Вровниот суд на Република Македонија одржа средба со г-дин Рајнхард Прибе, експерт на Европската Унија и претставник на групата на високи експерти за системските прашања за владеење на правото.
- Судијата кој го заменува Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија одржа средба со Експертска мисија на Националната школа за магистрати на Република Франција составена од француските експерти г-а Anne Marie Morice, регионален координатор за обуки во Националната школа за магистрати и г-а Issabelle Saliou поранешен координатор за обуки во Националната школа за магистрати.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија одржа средба со Групата на високи експерти за системските прашања за владеење на правото, предводена од г-дин Рајнхард Прибе, во состав од James Hamilton-експерт, Maurizio Varanese-експерт и Thomas Hansen-експерт, Chloe Laurens-Dinsdale-Европска Комисија, Marie Astrid-Huemer- Европска Комисија и Giulio Zanni од Делегацијата на Европската Унија.
- Одржана средба на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со Раководителот на програмска канцеларија на Совет на Европа во Скопје, г-а Моника Мартинез.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари средба со Амбасадорот Самуел Жбогар, Шеф на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија.
- Остварена средба на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со Н.Е. Џес Л. Бејли, Амбасадор на САД во Република Македонија.
- Остварена средба на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со Н.Е. Г-дин Кристиан Тимоние, Амбасадор на Франција во Република Македонија.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари средба со Н.Е. Г-дин Томас Герберих, Амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија.

## 11. ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Македонија сместена е целокупната хардверско-софтверска опрема од областа на ИКТ наменета за непречено функционирање на ВСРМ и дел за судовите на РМ и ССРМ. Дополнително во Центарот за информатика сместени се одредени централизирани бази на податоци, централизирани функционалности, централизирана размена на податоци со надворешни институции итн. кои се наменети за непречена работа на сите судови на РМ. Основните активности за непречено функционирање на имплементираните ИКТ системи (планирање, учество во развојни ИКТ проекти, администрација, менаџирање, мониторинг, заштита, безбедност, централизирани

јавни набавки, поддршка на корисниците итн.) се во опсегот на работни задачи на вкупно 5 (пет) IT инженери вработени во Центарот за информатика на ВСРМ.

Во Врховниот суд на Република Македонија во функција се следниве кориснички апликации од областа на ИКТ со тенденција на нивно зголемување во наредниот период:
- Апликација за управување со движењето на судските предмети (АКМИС).
- Апликација за материјално и финансиско работење (АБМС).
- Апликација за објавување на судската пракса на Врховниот суд на РМ и одлуки на апелационите судови на Web странaта за судска пракса.
- Апликација за објавување на судски одлуки, информации, новости, статистички и други податоци на Web страната на Врховниот суд на РМ.
- Централизирано хостирање на судскиот Web портал и Web страните на сите судови на РМ
- Систем за електронска пошта наменет за вработените во Врховниот суд на РМ и за нотификација на корисниците на системот за Електронската достава на судски документи
- Апликација за електронска достава на судски документи (прва фаза – достава од судовите до корисниците) наменета за сите судови на РМ, со централизирана база на податоци хостирана во Врховниот суд на РМ.
- Апликација за казнена евиденција наменета за сите судови на РМ, со централизирана база на податоци хостирана во Врховниот суд на РМ.
- Централизиран сервис за размена на податоци за стечајните управници со Централен регистар на РМ, наменет за сите судови на РМ

IT инженерите вработени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ во текот на 2017 година ги реализираа следните активности:
- Утврдување на потребите, изработка на детална техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност, учество во евалуација и реализација (давање на техничка поддршка и следење на напредокот во согласност со зацртаните термински планови) на постапките за јавни набавки кои ги опфаќаат потребите на сите судови во РМ и Судски совет на РМ од областа на ИКТ како што следи:
- Хардверско-софтверско одржување на опремата набавена во рамките на ИПА2010 проектот вклучително и превентивно и адаптивно одржување на веб страните на сите судови на РМ и Судски совет на РМ
- Превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системот имплементиран во судовите на Република Македонија вклучително и одржување на дополнителните апликации и сервиси интегрирани во истиот
- Одржување на IBM Lotus Domino платформата, е-маил системот и веб апликацијата за објавување одлуки од судската пракса на Врховниот суд на РМ
- Обнова на лиценци за интегриран софтверски пакет за целосна антивирусна и антиспам заштита на ИКТ опремата во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
- Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на Firewall Check Point архитектурата имплементирана во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
- Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на VMware инфраструктурата имплементирана во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
- Постгаранциско одржување на системот за прецизна климатизација во систем салата на Врховниот суд на РМ
- Промена на батерии и одржување на УПС системот сместен во зградата на Врховниот суд на РМ
- Учество во Работна група формирана од Судскиот совет на РМ за изработка на техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност во постапката за набавка на интернет линкови за сите судови на РМ и Судски совет на РМ
- Потрошен материјал, тонери, траки, хартија, канцелариски материјали и сл. само за потребите на Врховен суд на РМ
- Континуирано следење на состојбата и преземање на соодветни активности со цел непречено функционирање на имплементираните кориснички апликации наменети за ВСРМ и дел за сите судови на РМ, во сите нивни фази на примена:
- Нотирање на појавени недостатоци, непредвидени проблеми, забелешки и коресподенција со изготвувачот на корисничката апликација за нивно отстранување
- Согледување на евентуални потреби од надградба и подобрувања
- Доделување на соодветни кориснички права и привилегии

- Техничка поддршка на внатрешните и надворешни корисници кои се обраќаат до Центарот за информатика и бараат помош
- Изработка на разни статистички извештаи за потребите на судските служби и други институции
- Планирање на потребни финансиски средства за инвестиции и одржување во областа на ИКТ за сите судови на РМ и ССРМ, планирање на потреби за континуирана едукација на вработениот IT кадар во судовите на РМ и планирање на потребата од нови вработувања на стручен IT кадар во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ.
- Тековно администрирање, менаџирање и пратење на ИКТ системите кои се поставени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ, а наменети се за Врховниот суд на РМ и дел за сите судови на РМ.
- Секојдневно извршување и контрола на процедурите за заштита на системски и кориснички податоци (backup) наменети за Врховниот суд на РМ и дел за сите судови на РМ.
- Мониторирање на системските логови за дојава на грешки на целокупната ИКТ опрема сместена во Центарот за информатика на Врховен суд на РМ со цел отстранување на евентуално појавени проблеми.
- Континуирано следење на перформансите на поставените ИКТ системи со цел преземање на соодветни активности или согледување на потребата од нивна надградба.
- Тековно одржување и администрирање на работните станици, notebook компјутерите, принтери, скенери.
- Соработка и координација на Центарот за информатика на ВСРМ со одделенијата за информатика на судовите во РМ и ССРМ со цел давање на препораки и насоки за преземање на одредени активности поврзани со централизираните функционалности, известувања за обезбедено одржување на одредени ИКТ системи, постапки за пријавување на појавени проблеми, достава на потребна документација итн.
- Континуирано следење на новите технологии и трендови во областа на IT (без соодветна едукација) користејќи литература достапна на Интернет.
- Водење на уредна документација за реализирани системски и кориснички активности, настанати проблеми, нивно отстранување, водење на месечни извештаи за реализирани работни задачи на IT инженерите од Центарот за информатика на ВСРМ и сл.
- Учество на работни состаноци, реализирани средби со ангажирани експерти и достава на потребни податоци во рамките на ИПА2013 проектот кој ги опфаќа институциите надлежни за прогон на организиран криминал и корупција, во организација на Секторот за Европска унија при Министерството за правда.
- Учество во Работна група за подготовка на ИКТ стратегија во правосудниот систем на РМ во рамките на ИПА проект

Согласно на сите современи општествени трендови сама се наметнува потребата од континуирано воведување на нови информатички технологии и IT системи во судскиот систем на РМ за да може преку осовременување, едукација, компатибилност и унификација на информатичката технологија да се постигне крајната цел, остварување на ефикасна поврзаност на сите судови на територија на РМ и размена на податоци со други институции. Тоа по автоматизам континуирано и значително го зголемува обемот на работа на постоечките само 5 (пет) IT инженери вработени во Центарот за информатика при ВСРМ.

Соодветно на тоа евидентна и неопходна е потребата од континуирано вработување на стручни IT инженери во Центарот за информатика на кои ќе им биде овозможена соодветна и континуирана едукација имајќи во предвид дека информатичката технологија е најдинамичниот систем во секое современо општество.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1. Врховниот суд на Република Македонија во 2017 година** постапувал по вкупно **4.268** предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот. Останати нерешени предмети од претходната година биле **1.956,** а новопримени биле **2.317** од кои во текот на годината биле решени **2.542** предмети, а останале нерешени **1.726** предмет. Приливот е совладан во целост, а заостатокот намален за **230** предмети.

Ваквиот резултат се постигна заради вложените напори за обезбедување ефикасно постапување и организациските мерки со Распоредот за работа на судиите и судската администрација и нивното учество во повеќе совети и различни материи.

За да се обезбедат во иднина услови за непречено и ефикасно работење на Врховниот суд на Република Македонија, неопходно е благовремено и соодветно пополнување на судискиот состав, веднаш по упразнувањето на судиските места, како и пополнувањето на упразнетите места во судската администрација.

**2. Во Одделот за казниви дела** во текот на извештајната 2017 година, новопримени биле 446 предмети, односно вкупно во работа по сите основи биле 820 предмети, од кои се решени 499 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 321 предмети по сите основи. Бројот на нерешените предмети се должи на низа објективни фактори, меѓу кои и зголемениот број на предметите, особено во областа на организираниот криминал и тоа сложени, обемни предмети, со голем број на осудени лица, кои бараат значителни напори, како и подолг временски период за нивно ефикасно совладување. Причините во врска со природата и карактерот на предметите кои влијаат на временскиот период за нивно одлучување, се рефлектираат и на времетраењето на постапката за добивање мислење од јавното обвинителство на Република Македонија.

На вкупниот број на нерешени предмети, секако има влијание и фактот што дел од истите во судот се примени на крајот од извештајната година, поради што и не можеле да бидат земени во работа, од причина што биле дадени на мислење во Јавното обвинителство на Република Македонија.

Врховниот суд на Република Македонија подолг период се соочува со недостиг на соодветен број на судии, како и недостиг на стручни соработници. Овие објективни околности претставуваат оправдани и релевантни причини кои директно влијаат на нарушување на принципот на ажурност. Меѓутоа, и покрај вака поставените, односно намалени човечки ресурси, со добра организација во однос на распоредот за работа и активна соработка на сите чинители во процесот, Одделот за казниви дела квалитетно ја заврши извештајната година.

**3. Во Одделот за граѓански дела**, во извештајниот период, споредбено со претходната година, приливот на предмети е намален за **42** предмети.

Во споредба со 2016 годин,а решени се **94** предмети повеќе, со што приливот е совладан во целост а заостатокот намален за **104** предмети.

Може да се заклучи и опаѓање на решени предмети, што е резултат на бројот на судии кои што постапувале по овој вид на предмети. Од анализата на изминатиот петогодишен период може да се заклучи дека во извештајната година е најмал заостатокот на нерешени предмети и истиот изнесува 1084 предмети.

**4. Во Одделот за судење во разумен рок** во извештајниот период, споредбено со претходната **2016** година кога вкупно во работа биле **818** предмети, од кои **605** ново примени предмети и каде бројот на решени предмети изнесувал **490**, можеме да заклучиме дека оваа извештајна година, на вкупно во работа **944** предмети од кои 605 новопримени предмети, зголемен е бројот на решени предмети на **639**. Исто така, споредбено со **2016** година, каде како незавршени на крајот на извештајната година останале **328** предмети, намален е заостанокот на нерешени предмети на **305**, кои останале за решавање за 2018 година.

Зголемениот број на решени предмети во 2017 година, споредбено со **2016** година, предизвикал и видно зголемување на вкупно досудениот паричен надоместок досуден поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок. Така, вкупно определениот надоместок за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, во 2016 година во **прв степен** изнсувал **3.032.900.00** денари, а во **втор степен** изнесувал **901.850,00** денари односно вкупен износ во **двата степена** од **3.934.750,00** денари,

споредбено со вкупно досудениот надоместок во двата степени на одлучување кој за извештајниот период изнесува **5.829.936,00** денари.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното можеме да резимираме дека судиите, судските советници и вработените во судската писарница на Одделот, во текот на извештајната **2017** година придонесоа Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Македонија да е ажурен, имајќи го предвид зголемениот обем на бројот на предмети во прв и втор степен, по сите основи. Ваквиот начин на работа, дава за право Одделот и понатаму да продолжи да работи со ист интензитет на одлучување на предметите во разумен рок со квалитетни одлуки, со заложба за решавање на проблемот околу достава на списи по предметите по кој е поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

**5. Во Одделот за судска пракса** неопходен е ангажман на уште еден судија кој би работел исклучиво на судската пракса, со цел да се постигне уште поефикасно функционирање на овој оддел кој е од исклучително значење во однос на остварувањето на судската надлежност на Врховниот суд на Република Македонија за воедначување на судската практика и единствена примена на законите од страна на судовите.

**6. Врховниот суд на Република Македонија** согласно својата надлежност донесените начелни правни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци од работата на Општата седница и правните мислења, заклучоци и сентенци усвоени на седниците на одделите, да продолжи континуирано да ги објавува на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија, но и да продолжни праксата на објавување Билтен и Збирка на судски одлуки.

**7. Со оглед на улогата и значењето на судската администрација во Врховниот суд на Република Македонија**, како највисок суд во Републиката, во процесот на обезбедување на ефикасно постапување на судот, да се вложат напори за подобрување на статусот на судските службеници со измена на Законот за судска служба и Законот за Академија за судии и јавни обвинители, преку кои би се обезбедиле можности за напредување и наградување.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**